# European Business Competence* Licence (EBC*L) интегриран во Вашата фирма

**Неколку причини зошто Вашите вработени да имаат обука и да го полагаат EBC*L?**

- Говорење на ист бизнис јазик во целата фирма независно од степенот на образование на вработените и нивната позиција;
- Подготвителни обуки директно во Вашаат фирма - In-house во групи од 4 до 14 слушатели;
- Учење и полагање на македонски, албански или англиски јазик;
- Акредитирани центри за обука и полагање во Битола, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Битола, Скопје, Струмица, Тетово и Штип.
- Сертифицирани EBC*L обучувачи;
- Меѓународно признатиот сертификат обезбедува одлична мотивација кај вработените;
- Подобрување на интерните едукативни програми;
- Одлична можност за проценка на кандидатите при селекција за основните бизнис компетенции;
- Полесно следење и мерење на успехот на секој вработен;
- Материјали кои секој вработен понатаму ќе ги применува во секојдневната работа кои содржат и речник со деловните поими на македонски или албански јазик;
- Бидејќи сертификатот се издава од International Centre of EBC*L во Виена на англиски јазик, е одличен за мерење на успехот на вработените;
- Можност за учество во натпреварот Лига на шампиони 2008 година во Македониај и Виена - подетално http://www.ebcl.com.mk/liga.htm

**EBC*L е Европски сертификат за бизнис компетенции** кој е меѓународно признат. Се изучува и полага во 26 држави и на повеќе од 22 јазика. Главна цел е зајакнување на бизнис вештините. Со добивање на сертификатот се зголемуваат компетенциите за напредок во кариера, како и за поуспешно работење. Единствен е во брзината на добивање со бизнис вештини за лица кои се вработени и немаат доволно време за посетување на студии.

**EBC*L целна група во вашата фирма**

- Вработени на раководни функции
- Раководители на филијали, испостави, претставништва во други градови/држави
- Менаџери/раководители или вработени во Оддел за управување со човечки ресурси
- Новоработени кои имаат потенцијал за напредување
- Практиканти, приправници, волонтери кои поминуваат низ процес на селекција за работно место во фирмата

**Како EBC*L да се интегрира во Вашата фирма?**

EBC*L може да стане дел од програмата за обука на секој нововработен, потоа за сите кои сакаат да напредуваат на повисока позиција како на пример раководители, менаџери на оддели и слично.

Испитот може да служи како еден критериум при селекција на нововработени во фирмата.

Се разбира и неговата интернационалност е одлична мотивација да ја покажете Вашата цел за инвестиција во човечкиот потенцијал во фирмата.

**EBC*L има 3 степени:**

Степен А кој има 4 Модули: Бизнис цели и менаџмент показатели, Анализа на трошоци и утврдување на цени, Сметководство и Трговско право.
Степен Б го опфаќа бизнис планирањето и тоа основи на бизнис планот, маркетинг и продажба и финансиски план, како и буџетирање и анализа на трошоците.
Степен Ц го опфаќа раководењето (лидерство) во кое се вклучени управувањето со човечки ресурси и контролата.
Моментално во Македонија е воведен Степенот А, а наскоро ќе се воведе и степенот Б кој опфаќа бизнис планирање.




**Степенот А ги одговара следниве прашања:**

- Како да се разберат и читаат финансиски извештаи, а да не сме сметководители?
- Како да се мери бизнис перформансот?
- Како да се пресмета цена и да се постават цени кои ќе бидат профитабилни?
- Како да се разберат основите на трговското право кои се потребни во бизнисот?

**Што е EBC*L?**
Детално објаснување може да видите на http://www.ebcl.com.mk

**Кои фирми работат со EBC*L?**

Фирми како Xerox, T-Мобиле, Samsung, Bayer, Siemens, UNIQA, Victoria Insurance, RAG-Konzern и други веќе го интегрираа Европскиот сертификат за бизнис компетенции (EBC*L) во нивните едукативни програми.

EBC*L е квалификација која е согласно UK National Qualifications Framework (QCA) и за квалитетот се грижи

ITEC The International Examination Board

**За Македонија EBC*L претставништво е Тренинг Центарот ЦС Глобал**

**Обратете ни се да Ви доставиме понуда која ќе одговара на Вашите потреби на 32 90 544 или 32 90 540 односно на e-mail office@ebcl.com.mk**